# Закон за градење – измени, дополни, нов закон – влијание при реализација на хидротехничка инфраструктура?

Доц. д-р Стевчо Митовски
Проф. д-р Маријана Лазаревска

Универзитет Св. Кирил и Методиј
Градежен факултет - Скопје

# Предлози за измена и дополна на законот за градење од 2017 год.

- 19.8.2017 – иницирана постапка за реформа на група закони - планирање, развој и контрола на изградба на просторот - Државен инспекторат за градежништво и урбанизам при Министерството за транспорт и врски
- Цел - предлози за измени и дополна на постојните Закони за градење и закон за просторно и урбанистичко планирање - предлози за бришење на штетни членови - детекција на “невралгични” точки во Законите или одредби кои се несоодветно регулирани – понезначителна промена - (20%).
- Вклучени институции
  - Стопанска комора (УКИМ, Градежен факултет – Скопје)
  - Комора на овластени архитекти и овластени инженери
- Закон за градење (2009) – **23** Измени и дополни [www.mtc.gov.mk]

# Предлози за измена и дополна на законот за градење од 2017 год.

➔ Работна група на ГФ - одредници - промени во закон:

- → Категоризација на инженерски објекти според сложеност
- → Напуштање на концепт на супер-ревидент (член 4а) и издавање на мислењето за механичка и сеизмичка отпорност на градби и замена со други мерки
- → Построги критериуми за издавања на овластувања за проектирање, ревизија, надзор и изведба
- → Воведување на овластувања за различни стручни области на градежништво
- → Воведување на задолжително осигурување од технички грешки на проектанти и изведувачи во градба
- → Проширување на листа на проектни документации кои подлежат на техничка ревизија
- → Пропишување и воведување на тарифник за технички услуги
- → Воведување на ЕС како стандарди за проектирање

# Предлози за измена и дополна на законот за градење од 2017 год.

- Категоризација на градби според сложеност - непотребно во оваа фаза.
  - категоризација на градби според сложеност со парцијален пристап (градежни инженери) - **интегрален пристап**
  - најсоодветно – предлог од Комора за овластени архитекти и овластени инженери - учество и на останати чинители во процесот на градење (инженери архитекти, геотехнички инженери, машински и електро инженери и др.)
  - исклучително краток период за изготвување на сеопфатна категоризација на градби според сложеност.
  - нацрт верзија за категоризација на градбите според сложеност - подлога за изработка на Правилник за категоризација на градбите според сложеност - КОАОИ.

# Предлози за измена и дополна на законот за градење од 2017 год.

- Построги критериуми за издавања на овластувања за проектирање, ревизија, надзор и изведба
- Критериум - експлицитно дефинирање на одговорноста при проектирање, ревизија и надзор во насока на:
  - Спецификација на одговорност - концизно и јасно - поголем акцент на индивидуална одговорност
  - Да се пропишат/зголемат казнени мерки - непопуларна мерка - саморегулирање на процес проектирање, ревизија и надзор.

# Предлози за измена и дополна на законот за градење од 2017 год.

- Напуштање на концепт на супер-ревидент (член 4а) и издавање на мислењето за механичка и сеизмичка отпорност на градби и замена со други мерки
  - монопол?
  - правни аспекти
  - девалвација на процес проектирање-ревизија
  - критериум за лица/правен субјект кои ќе врши супер-ревизија
  - влезни параметри – студија за сеизмички хазард
  - надомест во случај на штети/хаварија – правен субјект кој врши супер-ревизија

# Забелешки и сугестии за предлог закон за градење (верзија од 1 мај, 2019 год.)

- Член 108, став (4), (5), (6) – намалување на потребно време за стекнување на Овластувања.
  - (4) За да ги вршат стручните работи на главен проектант инженерите од архитектонската, градежната, машинската и електротехничката струка треба соодветното овластување за проектирање од став 1 и 2 од овој член да го поседуваат **повеќе од 7 години**, заедно со соодветно професионално искуство и резултати во работата.
  - (5) За да ги вршат стручните работи од ревизија на проектите за градбите од понизок степен на сложеност, инженерите од архитектонската, градежната, машинската и електротехничката струка треба овластувањето за проектирање Б да го поседуваат **повеќе од 10 години**, заедно со соодветно професионално искуство и резултати во работата, а за да ги вршат стручните работи од ревизија на проектите за градбите од повисок степен на сложеност, овластените инженери треба овластувањето за проектирање А да го поседуваат повеќе од 10 години.
  - (6) За да ги вршат стручните работи на главен ревидент за градбите од повисок степен на сложеност, инженерите од архитектонската, градежната, машинската и електротехничката струка треба овластувањето за проектирање А да го поседуваат **повеќе од 15 години**, заедно со соодветно професионално искуство и резултати во работата.

# Забелешки и сугестии за предлог закон за градење (верзија од 1 мај, 2019 год.)

- Предлог закон - нотирани 2 типа на овластувања, за проектирање и за градба (степен А и Б), и дополнително 7 други инженерски дејности, секоја со дополнителни законски критериуми за извршување.
  - Овластување за проектирање А
  - Овластување за проектирање Б
  - Овластување за градба А
  - Овластување за градба Б
  - Дополнителни дејности - не постојат посебни овластувања - но постојат услови за вршење на дејност.
- Дополнително се предложени:
  - главен проектант 108(4)
  - главен надзор 108(8) и 109(6)
  - стручен надзор 108(7) и 109(5),
  - ревидент 108(5)
  - главен ревидент 108(6)
  - главен инженер на градилиште 109(3)
  - управител на градба 109(4)

# Забелешки и сугестии за предлог закон за градење (верзија од 1 мај, 2019 год.)

- ➔ Предлог - 7 дополнителни инженерски дејности – посебни законски критериуми за извршување - 2 типа на овластувања - административна конфузија при проверка за критериуми и дополнителни услови - ‘жива материја’ – променлива листа на инженери кои ги задоволуваат дополнителните критериуми
- ➔ Закон – концизен – наспроти критериуми за стекнување на овластувања - нејасни и збунувачки.
- ➔ Дополнително – задржување на овластувања за ревизија и надзор - неопходни за квалитетно спроведување на целокупниот процес на градба.

# Забелешки и сугестии за предлог закон за градење (верзија од 1 мај, 2019 год.)

- Член 108, став (7) и став (8) – да се избришат!
- (7) За да ги вршат стручните работи од стручен **надзор на градењето** инженерите од архитектонската, градежната, машинската и електротехничката струка треба соодветното **овластување за проектирање од став 1 и 2** од овој член да го поседуваат повеќе од 5 години, заедно со соодветното професионално искуство и резултати во работата.
- (8) За да ги вршат стручните работи на **главен надзорен инженер**, инженерите од архитектонската, градежната, машинската и електротехничката струка треба соодветното овластување за **проектирање од став 1 и 2** од овој член да го поседуваат повеќе од 10 години, заедно со соодветното професионално искуство и резултати во работата.
- Поврзани овластувања - **овластување за проектирање и за ревизија - овластување за градење и надзор**.

# Забелешки и сугестии за предлог закон за градење (верзија од 1 мај, 2019 год.)

- Предлог - Член 110, став (1), алинеја 3 – воведување/полагање на државен стручен испит за стекнување со овластување за ревизија и надзор - спроведуван од КОАОИ во соработка со јавна високообразовна научна и стручна установа
  - членови на комисија?
  - критериуми за членови?
  - дополнителен финансиски товар за физички/правни лица?

**Ви благодарам на вниманието!**

**Прашања?**